

Со изложба на цртжи (46), фотографии (10) и есеи (6) по објавениот конкурс од страна на Адвисент ДООЕЛ од Скопје во соработка со општина Неготино започна денешната церемонија за доделување на награди на победниците по категории на конкурсот на тема „Прекуграничо натпреварување за значењето на водата".На овој конкурс право на учество имаа сите ученици во основните и средните училишта во Општина Неготино, Република Северна Македонија и Општина Алмопиа-РепубликаГрција. Комисијата за разгледување и оценување на категорија „ЦРТЕЖИ" и Комисијата за разгледување и оценување на категорија „ЕСЕИ" беше составена од претставник на Адвисент ДООЕЛ Скопје, Општина Неготино, ООУ „Гоце Делчев"  и ООУ „Страшо Пинџур", додека комисијата за разгледуување и оценување на категоријата „ФОТОГРАФИЈА" беше составена од претставник на Адвисент ДООЕЛ Скопје, Општина Неготино и СОУ „Св.Кирил и Методиј" –Неготино. Наградите во категориите есеи и цртежи изнесуваа 150 евра за прво, 100 за второ и 50 евра за трето место, а за категоријата фотографии 300,200 и 100 евра, со напомена дека наградите беа во опрема. Наградите ги доделија претседателот на Советот на општина Неготино Диме Витанов, проект-менаџерто Лолиsта Ристова и директорката на Адвисент Анита Китевкса, а најуспешни по категории се:

-Цртежи:- прво место Ѓорѓи Панов ООУ Гоце Делчев, второ место Јован Трајков ООУ Гоце Делчев и трето место Лазар Бојков ООУ Страшо Пинџур

-Есеи:- прво место Мила Толова, второ место Ангела Нацева и трето место Загорка Панова, сите ученички од ООУ ГОце Делчев.

-Фотографии:- прво место Викторија Методиева, второ место Јани Иванов и трето место Благица Захарчева, сите ученички во СОУ Св.Кирил и Методиј Неготино.

















